(„Службен весник на Република Македонија“ бр.16/07, 144/10 и 20/11)

# ПРАВИЛНИК
# ЗА МЕРИЛАТА ЗА КВАЛИТАТИВНА И КВАНТИТАТИВНА ПРОЦЕНА НА СУРОВИОТ ТУТУН ВО ЛИСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист.

Член 2

Мерилата за квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист се применуваат на:

-ориенталски ароматични тутуни кои ги опфаќаат типовите: прилеп, јака и џебел со нивните сорти со должина на листовите до 20 см;

-ориенталски дополнителни тутуни кои ги опфаќаат типовите: прилеп, јака и џебел со нивните сорти со должина на листовите над 20 см;

-полуориенталски тутун до опфаќа типот отља со неговите сорти;

-крупнолисни тутуни кои ги опфаќаат типовите: вирџинија и берлеј со нивните сорти.

Член 3

Мерилата за квалитативна процена на суровиот тутун во лист се:

- инсерција (берба) е група на листови кои потекнуваат од одредено место на тутунскиот страк. Листовите од една инсерција претставуваат еднороден материјал по однос на квалитетните својства. Вкупно собраните листови од стракот ги сочинуваат следните инсерции (берби): подбир, надподбир, долни средни, вистински средни, горни средни, ковалама, подврв и врв.

- големина (должина) на листовите е еден од водечките показатели за процена на квалитетот на суровиот тутун по класи. Големината на листовите за поедини типови и класи на тутун е различна;

- зрелост (при процена на квалитетот на зелен тутун од типот вирџинија во техничка зрелост);

- бојата на листот е еден од основните органолептички показатели за определување на квалитетот на тутунот чии елементи се: изедначеност, тоналитет и интензитет;

- ткаеницата на листот се изразува со следните показатели: нежна, помалку нежна (малку груба), груба, кожеста, празна, пополна, полна, еластична, смолеста и уште смолеста;

- содржајност претставува исхранетост на листот и состојба каде односот на минералните и органските материи е најповолен за технолошко искористување во фабрикацијата. Содржајноста се изразува со елементите: несодржајна, помалку содржајна,содржајна;

- миризливоста е во тесна врска со ароматичноста и во колку тутунот е помириззлив, толку е поароматичен при пушењето. Кај ароматичните типови на тутун прилеп, јака и џебел, за одредени степени на миризливост се даваат следните термини: миризба силно изразена, миризба изразена, миризба слабо изразена;

- мани и оштетувања на листот претставуваат степен на деградација на квалитетот на тутунските листови. Тие се последица на механички повреди, технолошки грешки, делување на болести и штетници. Ги разликуваме следните мани и оштетувања на тутунските листови: зеленчивост, презрелост, подгорелост, прегорелост, оштетување од зелена мрежа, оштетеност од басара, механичка оштетеност, оштетувања од болести и оштетувања од трипс.

Член 4

Мерилата за квантитативна процена на суровиот тутун во лист се: апсолутна влага, содржината на песокот и други страни примеси.

Член 5

Суровиот тутун во лист што се откупува треба да содржи до 16% апсолутна влага, а тутун со апсолутна влага од 16 до 20% ќе се проценува за една класа пониска и утврдената влажност ќе се одбие од бруто тежината. Суровиот тутун во лист кој содржи преку 20% апсолутна влага, а особено вештачки влажениот тутун, не се проценува.

Суровиот тутун во лист од крупнолисните типови тутун, со неисушени главни ребра не се проценува.

Член 6

Содржината на песокот и другите страни примеси што се утврдуваат со вештачење или мерење, се одбиваат од бруто тежината на тутунот.

Член 7

Тутуните механички оштетени се проценуваат според степенот на оштетеноста.

Член 8

Оштетеноста на лисната ткаеница кај тутуните како последица од болести, штетници и дефекти при сушењето се изразува во проценти. Процената на тутунот се врши според степенот на оштетеноста.

Член 9

Со мерилата за квалитативна процена на суровиот тутун во лист се утврдува класата врз основа на следните показатели:

- инсерција (берба);
- големина (должина) на листовите;
- зрелост (кај зелен тутун од тип вирџинија во техничка зрелост);
- боја;
- ткаеница на листот;
- содржајност;
- миризливост
- мани и оштетувања на листот.

Мерилата од став 1 на овој член се дадени во прилог бр.1, 2, 3, 4, 5 и 6 кои се составен дел на овој правилник.

Член 10

Тутунот од производителот се проценува и откупува во јарма бала-суров неферментиран тутун.

Процената се врши на тутунски листови средени според инсерцијата (бербата), особините на ткаеницата на листот, бојата и степенот на изразените мани и оштетувања

Средениот тутун, според став 2 на овој член, се откупува во јарма бали и се проценува во една класа.

Член 11

Мувлосаниот тутун ги опфаќа листовите од сите инсерции, сите големини на листови, сите бои, мани и оштетеност на ткаеницата од сите степени на содржајност и ако е тутунот заразен од било која мувла.

Тутуните заразени или оштетени од мувла, без оглед дали оштетувањето се гледа или само осетува со мирисот, се проценуваат и откупуваат како мувлосани тутуни.

Член 12

Тутуните оштетени од ниски температури не се проценуваат.

Член 13

При откупот на суровиот тутун во лист, ако инсерциите и класите се измешани, тутунот се проценува по најниската класа на листовите што се наоѓаат во јарма балата.

Член 14

При пакувањето (врзувањето) на тутунот во јарма балата се користи материјал направен исклучиво од коноп, јута, памук или картонски кутии, а не е дозволено присуство на други страни примеси.

Член 15

Утврдувањето на квалитетивните својства на суровиот тутун во лист се врши органолептички.

Член 16

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за единствени мерила за проценување на квалитетот на суровиот тутун во лист („Службен весник на РМ“ бр.110/2000).

Член 17

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Прилог бр.1**

# МЕРИЛА ЗА КВАЛИТАТИВНА ПРОЦЕНА НА СУРОВИОТ ТУТУН ВО ЛИСТ НА ОРИЕНТАЛСКИТЕ АРОМАТИЧНИ ТИПОВИ ТУТУН: ПРИЛЕП, ЈАКА, ЏЕБЕЛ И БАСМАК

**КЛАСА I**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Врв, подврв и ковалама. |
| Големина (должина) на листовите: | Должина на листовите до 12 см. |
| Боја: | Златножолта, портокалова, светлоцрвена, изедначена и сјајна. |
| Ткаеница на листот: | Многу нежна, фина, мрсна и еластична со танко еластично ребро. |
| Содржајност: | Содржајни. |
| Миризливост: | Пријатна и интензивна миризливост. |
| Мани и оштетувања на листот: | Не се дозволуваат никакви мани и оштетувања. |

**КЛАСА II**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Вистински средни листови, горни средни листови. Ковалама, подврв и врв. |
| Големина (должина) на листовите: | Вистински средни, горни средни листови и ковалама до 16 см. Подврв и врв до 14 см. |
| Боја : | Вистински средни, горни средни листови со жолта, портокалова, светло-црвена, сјајна и изедначена. Ковалама, подврв и врв со златножолта, портокалова, црвенкаста и изедначена. |
| Ткаеница на листот: | Нежна и еластична. |
| Содржајност: | Содржајни. |
| Миризливост: | Изразито миризливи. |
| Мани и оштетувања на листот: | За вистински средни листови и горни средни листови се дозволуваат механички оштетувања до 10% и оштетувања од болести и штетници до 5%.<br>За другите инсерции во оваа класа се дозволуваат механички оштетувања до 15% и до 10% повреди од басара, болести и штетници. Тутунот несмее да има туѓи мириси и мувла. |

**КЛАСА III**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Натподбир, долни средни листови.<br>вистински средни, горни средни листови, ковалама, подврв и врв. |
| Големина (должина) на листовите: | Натподбир до 16 см, долни средни и вистински средни листови до 20 см, горни средни листови до 18 см, ковалама до 16 см и подврв и врв до 14 см. |
| Боја: | Натподбир со жолта, жолто-зеленикава и зеленикава боја. Долни средни листови со жолта, портокалова до црвеникава, изедначена со сјај. Вистински и горни средни листови со жолта, портокалова, црвеникава, помалку изедначена и сјајна, со блага зеленкавост на листовите. Ковалама, подврв и врв со потемна црвена и портокалова, неизедначена, без сјај, вклучувајќи и зеленкавост на листовите. |
| Ткаеница на листот: | Натподбир и долни средни листови, средно нежни и еластични. Вистински средни, горни средни, ковалама, подврв и врв помалку нежни, погруби, пополни и помалку еластични. |
| Содржајност: | Натподбир и долни средни листови, содржајни.<br>Сите останати инсерции од оваа класа помалку содржајни. |
| Миризливост: | Натподбир и долни средни листови со мала пријатна миризливост. Сите останати инсерции од оваа класа со помала миризливост. |
| Мани и оштетувања на листот: | За натподбир се дозволени мани и оштетувања до 10%, за долни средни листови се дозволуваат мани и оштетувања до 20%. За останатите инсерции се дозволуваат механички оштетувања, оштетувања од болести и штетници и басара до 30%. Тутунот несмее да има туѓи мириси и мувла. |

**КЛАСА IV**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Подбир, натподбир, долни средни, вистински средни, горни средни листови, ковалама, подврв и врв. |
| Големина (должина) на листовите: | Сите инсерции со должина на листовите до 20см. |
| Боја: | Сите бои вклучувајќи темно црвена, зелена, кафена и темно кафена. |
| Ткаеница на листот: | Листови со сите својства на ткаеница (полна, груба, кожеста и празна). |
| Содржајност: | Сите степени на содржајност. |
| Миризливост: | Неизразена миризливост. |
| Мани и оштетувања на листот: | Дозволени се мани и оштетувања до 60%.<br>Тутунот да е без туѓи мириси и без мувла |

**Прилог бр.2**

# МЕРИЛА ЗА КВАЛИТАТИВНА ПРОЦЕНА НА СУРОВИОТ ТУТУН ВО ЛИСТ НА ОРИЕНТАЛСКИТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ТУТУНИ ОД ТИПОВИТЕ ПРИЛЕП, ЈАКА, ЏЕБЕЛ И БАСМАК

**КЛАСА I**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Долни средни, вистински средни и горни средни листови |
| Големина (должина) на листовите : | Над 20 см. |
| Боја: | Жолта, портокалова, црвенкаста и светло црвена, сјајна и изедначена. |
| Ткаеница на листот: | Нежна и еластична. |
| Содржајност: | Содржајни. |
| Мани и оштетувања на листот: | Дозволени се механички оштетувања до 15% и мани и оштетувања од болести и штетници до 5%. |

**КЛАСА II**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Сите инсерции (берби). |
| Големина (должина) на листовите : | Над 20 см. |
| Боја: | Сите бои и нијанси, вклучувајќи ги и темните бои неизедначени и без сјај. |
| Ткаеница на листот: | Малку еластична, пополна, груба, кожеста и празна. |
| Содржајност: | Сите степени на содржајност. |
| Мани и оштетувања на листот: | Дозволени се механички оштетувања, мани и оштетувања од болести и штетници до 60%. |

**Прилог бр..3**

## МЕРИЛА ЗА КВАЛИТАТИВНА ПРОЦЕНА НА СУРОВИОТ ТУТУН ВО ЛИСТ НА ПОЛУОРИЕНТАЛСКИОТ ТУТУН ОД ТИПОТ ОТЉА

**КЛАСА I**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Долни средни, вистински средни листови, горни средни листови, подврв и врв |
| Големина (должина) на листовите: | Сите големини на листот |
| Боја: | Лимонесто жолта, жолта, портокалова, црвенкаста и светло црвена, сјајна и изедначена. |
| Ткаеница на листот: | Нежна и еластична. |
| Содржајност: | Содржајни. |
| Мани и оштетувања на листот: | Не се дозволени никакви мани и оштетувања. |

**КЛАСА II**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Надподбир, долни средни, вистински средни, горни средни листови, подврв и врв |
| Големина (должина) на листовите: | Сите големини на листот |
| Боја: | Лимонесто жолта, жолта, портокалова, светло црвена и изедначена. |
| Ткаеница на листот: | Нежна и еластична. |
| Содржајност: | Содржајни. |
| Мани и оштетувања на листот: | Не се дозволени никакви мани и оштетувања кај надподбирот, а кај другите инсерции се дозволени механички оштетувања, презреаност и зеленкавост до 10%. |

**КЛАСА III**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Надподбир, долни средни, вистински средни, горни средни листови и подврв и врв |
| Големина (должина) на листовите: | Сите големини на листот |
| Боја: | Лимонесто жолта портокалова, светлоцрвена и црвена, помалку изедначена. |
| Ткаеница на листот: | Помалку нежна и еластична. |
| Содржајност: | Помалку содржајни. |
| Мани и оштетувања на листот: | За надподбир, долни средни, вистински средни листови се дозволени механички оштетувања, подгореност и прегореност до 10%. За другите инсерции се дозволени мани и оштетувања, презреаност и мала зеленкавост до 20%. |

**КЛАСА IV**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Сите инсерции. |
| Големина (должина) на листовите: | Сите големини |
| Боја: | Лимонесто жолта, жолта, светло црвена до затворено црвена, неизедначена. |
| Ткаеница на листот: | Помалку нежна и еластична. |
| Содржајност: | Несодржајни. |
| Мани и оштетувања на листот: | За надподбир, долни средни и вистински средни листови се дозволени мани и механички оштетувања, подгореност, прегореност, трипс и зелена мрежа до 10%. За другите инсерции се дозволени мани и оштетувања до 30%. |

**КЛАСА V**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Сите инсерции. |
| Големина (должина) на листовите: | Сите големини |
| Боја: | Сите бои. |
| Ткаеница на листот: | Груба, празна и кожеста. |
| Содржајност: | Несодржајни. |
| Мани и оштетувања на листот: | Дозволени се мани и механички оштетувања до 60%. |

**Прилог бр.4**

## МЕРИЛА ЗА КВАЛИТАТИВНА ПРОЦЕНА НА СУРОВИОТ СУВ ТУТУН ВО ЛИСТ НА КРУПНОЛИСНИОТ ТУТУН ОД ТИПОТ ВИРЏИНИЈА

**КЛАСА I**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Надподбир, долни средни, вистински средни и горни средни листови. |
| Големина (должина) на листовите: | Големина на листот над 32 см. |
| Боја: | Листови со лимонесто жолта, жолта, златно жолта, портокалова, сјајна и изедначена. |
| Ткаеница на листот: | Нежна, еластична со рапава површина и со помалку изразено ребро. |
| Содржајност: | Содржајни.. |
| Мани и оштетувања на листот: | Не се дозволени никакви мани и оштетувања. |

**КЛАСА II**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Надподбир, долни средни, вистински средни, горни средни листови и подврв. |
| Големина (должина) на листовите: | Големина на листот над 32 см. |
| Боја: | Листови со лимонесто жолта, светло жолта, жолта, портокалова, светло црвенкаста боја, помалку сјајна и изедначена. |
| Ткаеница на листот: | Нежна, еластична површина, а кај надподбир помалку рапава површина. |
| Содржајност: | Содржајни. |
| Мани и оштетувања на листот: | Дозволени се мани и оштетувања до 5%. |

**КЛАСА III**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Надподбир, долни средни, вистински средни, горни средни листови и подврв. |
| Големина (должина) на листовите: | Големина на листот над 35 см. |
| Боја: | Листови со светло црвена, црвенкаста до црвена боја, помалку сјајна и помалку изедначена. |
| Ткаеница на листот: | Помалку нежна и помалку еластична. |
| Содржајност: | Помалку содржајни до содржајни. |
| Мани и оштетувања на листот: | Со дозволени мани и оштетувања до 10%. |

**КЛАСА IV**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Сите инсерции. |

| | |
|---|---|
| Големина (должина) на листовите: | Подбир и врв со големина на листот над 25 см. |
| Боја: | Листови со црвена, затворено црвена, зеленкава, затворено жолта, неизедначена и без сјај, а за подбир отворено жолта боја, изедначена и без сјај. |
| Ткаеница на листот: | Груба, нееластична, полна, кожеста со мазна површина. |
| Содржајност: | Малку содржајни, а кај врвот содржајни и пополни листови. |
| Мани и оштетувања на листот: | Се дозволени мани и оштетувања до 20%, а кај подбир и врв не се дозволени никакви мани и оштетувања. |

**КЛАСА V**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Сите инсерции. |
| Големина (должина) на листовите: | Сите големини. |
| Боја: | Сите бои и нијанси. |
| Ткаеница на листот: | Груба, нееластична, полна, кожеста со мазна површина. |
| Содржајност: | Несодржајно. |
| Мани и оштетувања на листот: | Се дозволани мани и оштетувања од 20% до 60%. |

**Прилог бр. 5**

## МЕРИЛА ЗА КВАЛИТАТИВНА ПРОЦЕНА НА ЗЕЛЕН ТУТУН ВО ЛИСТ НА КРУПНОЛИСНИОТ ТУТУН ОД ТИПОТ ВИРЏИНИЈА

**КЛАСА I**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Надподбир, долни средни, вистински средни, горни средни листови. |
| Големина (должина) на листовите: | Над 40 см. |
| Зрелост: | Технички зрели листови. |
| Боја: | Жолто зеленкаста. |
| Ткаеница на листот: | Нежна, танка, набрана. |
| Мани и оштетувања на листот: | Не се дозволени никакви мани и оштетувања. |

**КЛАСА II**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Надподбир, долни средни, вистински средни и горни средни листови. |
| Големина (должина) на листовите: | Над 40 см. |
| Зрелост: | Технички зрели листови. |
| Боја: | Жолто зеленкаста. |
| Ткаеница на листот: | Нежна, танка, набрана. |
| Мани и оштетувања на листот: | Се дозволени механички оштетувања до 10% и оштетувања од болести и штетници до 5%. |

**КЛАСА III**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Сите инсерции, освен подбирот. |
| Големина (должина) на листовите: | Над 35 см. |
| Зрелост: | Недоволно технички зрели листови. |
| Боја: | Зеленкасто жолта, џафераста. |
| Ткаеница на листот: | Помалку нежна, подебела со изразено ребро на лискатa. |
| Мани и оштетувања на листот: | Се дозволени механички оштетувања до 20% и оштетувања од болести и штетници до 10%. |
| **КЛАСА IV** | |
| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
| Инсерција (берба): | Сите инсерции. |
| Големина (должина) на листовите: | Над 25 см. |
| Зрелост: | Технички незрели листови. |
| Боја: | Зеленкаста, шарена, џафераста. |
| Ткаеница на листот: | Груба, дебела.. |
| Мани и оштетувања на листот: | Се дозволени механички оштетувања до 50% и оштетувања од болести и штетници до 30%. |

**Прилог бр.6**

# МЕРИЛА ЗА КВАЛИТАТИВНА ПРОЦЕНА НА СУРОВИОТ ТУТУН ВО ЛИСТ НА КРУПНОЛИСНИОТ ТУТУН ОД ТИПОТ БЕРЛЕЈ

**КЛАСА I**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Долни средни и вистински средни листови. |
| Големина (должина) на листовите: | Над 40 см. |
| Боја: | Отворено костенлива со сите нијанси. |
| Ткаеница на листот: | Танка, нежна, еластична и содржајна. |
| Мани и оштетувања на листот: | Не се дозволени мани и механички оштетувања. |

**КЛАСА II**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Долни средни, вистински средни и горни средни листови. |
| Големина (должина) на листовите: | Над 30 см. |
| Боја: | Отворено костенлива до костенлива со сите нијанси. |
| Ткаеница на листот: | Танка, нежна, еластична и содржајна. |
| Мани и оштетувања на листот: | Се дозволени мани и механички оштетувања до 5%. |

**КЛАСА III**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Надподбир, долни средни, вистински средни и горни средни листови. |
| Големина (должина) на листовите: | Над 30 см. |
| Боја: | Светло костенлива со сите нијанси. |
| Ткаеница на листот: | Танка, нежна, еластична и помалку содржајна. |
| Мани и оштетувања на листот: | Дозволени се мани и механички оштетувања до 10%. |

**КЛАСА IV**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Подбир, надподбир, долни средни, вистински средни, горни средни листови и подврв. |
| Големина (должина) на листовите: | Над 30 см. |
| Боја: | Сите бои кои отстапуваат од основната костенлива боја. |
| Ткаеница на листот: | Танка, нежна кај подбирот, а за другите инсерции помалку нежна, помалку еластична и помалку содржајна. |
| Мани и оштетувања на листот: | Се дозволени мани и механички оштетувања до 25%, а кај подбирот до 10%. |

**КЛАСА V**

| Квалитативни показатели | Особини на листовите |
|---|---|
| Инсерција (берба): | Сите инсерции. |
| Големина (должина) на листовите: | Сите големини. |
| Боја: | Сите бои и нијанси кои отстапуваат од основната костенлива боја. |
| Ткаеница на листот: | груба, полна и несодржајна. |
| Мани и оштетувања на листот: | Се дозволени мани и механички оштетувања до 60% . |